10 - 5868/26

Друштво за графичка дејност, трговија и услуги ПОЛИЕСТЕРДЕЈ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје
Арх.бр. 0307-574
01.07 20 21 год.
01

# ДОГОВОР

## за печатење и дистрибуција на учебници за основно образование за учебната 2021/2022 година - Дел 1 со тираж до 500 учебници

1. **Министерство за образование и наука,** со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, 1000 Скопје, преставувано од министерката за образование и наука Мила Царовска, од една страна како корисник на услуги и
2. **Друштво за графичка дејност, трговија и услуги ПОЛИЕСТЕРДЕЈ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје** со седиште на ул. „1552" бр.10, Индустриска зона Визбегово, претставувано од управителот Филип Спасовски, од друга страна како давател на услуги.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој договор е печатење и дистрибуција на учебници за основно образование за учебната 2021/2022 година за Дел 1 со тираж до 500 учебници, согласно Одлуката за јавна набавка за печатење и дистрибуција на учебници за основно образование за учебната 2021/2022 година, заведена со број 10-5868/1 од 02.04.2021 година, согласно техничките спецификации за Дел 1, согласно Списокот на учебници по предмет, автор/и, одделение, наставен јазик, број на страни и потребен тираж за набавка за печатење и дистрибуција на учебници за основно образование за учебна 2021/2022 година за Дел 1 (даден во член 3), согласно тендерската документација бр.10-5868/4 од 16.04.2021 година, Конечната понуда со бр.10-5868/21 од 09.06.2021 година и Одлуката за избор за дел 1 со бр.10-5868/16 од 02.06.2021 година.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вредноста на овој договор без вклучен ДДВ изнесува 2.324.728,22 денари (два милиони триста дваесет и четири илјади седумстотини дваесет и осум денари и дваесет и два дени).

Вредноста на ДДВ-то изнесува 116.236,41 денари (сто и шеснаесет илјади двесте триесет и шест денари и четириесет и еден дени).

Вкупната вредноста на овој договор со ДДВ изнесува до 2.440.964,63 денари (два милиони четиристотини и четириесет илјади деветстотини шеесет и четири денари и шеесет и три дени).

Во вкупната цена е пресметана и цената за дистрибуција на учебниците како готов производ на територорија на Република Северна Македонија франко корисник (училишта/МОН).

| Ред. Бр. | Сопственост | Наставен предмет | Автор/и | одделение | наставен јазик | број на страни на учебник | Вкупен тираж | Единечна цена по страна без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ за вкупен тираж | Вкупна цена со ДДВ за вкупен тираж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | МОН | Јазик и култура на Бошњаците (изборен) | Изета Бабичиќ и Реџеп Шкријељ | Трето одделение | \N | 146 | 96 | 4,9373 | 69.201,21 | 72.661 |
| 2 | МОН | Јазик и култура на Власите (изборен) | Зоица Митрева, Верица Костова, Михаилова | Трето одделение | \N | 70 | 60 | 4,9373 | 20.739,66 | 21.773 |
| 3 | МОН | Српски јазик | Дарија Божиновиќ Билјана Спасов Милица Утковс | Трето одделение | срп | 150 | 40 | 4,9373 | 29.623,81 | 31.105 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | МОН | Јазик и култура Бошњаците (изборен) | Изета Бабачиќ-Даздаревиќ, Ќа Амети-Кујовиќ, Јусуф Чоловиќ | Седмо одделение | \N | 194 | 119 | 4,9373 | 113.982,53 | 119.682 |
| 5 | МОН | Јазик и културa на Власите (изборен) | Зоица Митрева, Верица Костова, Јана Михаилова | Седмо одделение | \N | 170 | 122 | 4,9373 | 102.399,62 | 107.520 |
| 6 | МОН | Информатика | Андријана Томовска | Седмо одделение | срп | 162 | 13 | 4,9373 | 10.397,96 | 10.918 |
| 7 | МОН | Македонски јазик | Сузана Цветковиќ, Билјана Димковска | Седмо одделение | мак | 200 | 2 | 4,9373 | 1.974,92 | 2.074 |
| 8 | МОН | Српски јазик | Добривоје Стошиќ, Биљана Георгиевска | Седмо одделение | срп | 194 | 13 | 4,9373 | 12.451,87 | 13.074 |
| 9 | МОН | Турски Јазик | Осман Емин | Седмо одделение | тур | 176 | 84 | 4,9373 | 72.993,06 | 76.643 |
| 10 | МОН | Јазик и култура на Бошњаците (изборен) | м-р Изета Бабачиќ-Даздаревиќ, Ќама Амети-Кујовиќ, Јусуф Чоловиќ | Осмо одделение | \N | 186 | 110 | 4,9373 | 101.017,18 | 106.068 |
| 11 | МОН | Јазик и култура на Власите (изборен) | Зоица Митрева, Верица Костова, Јана Михаилова | Осмо одделение | \N | 122 | 69 | 4,9373 | 41.562,20 | 43.640 |
| 12 | МОН | Албански јазик | Зихни Османи, Фејзи Бојку | Осмо одделение | алб | 200 | 202 | 4,9373 | 199.466,96 | 209.440 |
| 13 | МОН | Албански јазик | Рита Петро, Наташа Пеливани, Аделина Черпија | Осмо одделение | алб | 247 | 48 | 4,9373 | 58.536,64 | 61.463 |
| 14 | МОН | Географија | Коле Павлов, Ѓорѓи Павловски | Осмо одделение | срп | 140 | 14 | 4,9373 | 9.677,11 | 10.161 |
| 15 | МОН | Граѓанско образование | Билјана Шотаровска, Татјана Ѓорѓиевска | Осмо одделение | срп | 121 | 14 | 4,9373 | 8.363,79 | 8.782 |
| 16 | МОН | Ликовно образование | Данчо Ордев | Осмо одделение | алб | 76 | 204 | 4,9373 | 76.547,92 | 80.375 |
| 17 | МОН | Ликовно образование | Данчо Ордев | Осмо одделение | мак | 76 | 296 | 4,9373 | 111.069,53 | 116.623 |
| 18 | МОН | Ликовно образование | Данчо Ордев | Осмо одделение | тур | 76 | 46 | 4,9373 | 17.260,80 | 18.124 |
| 19 | МОН | Македонски јазик | Д-р Стојка Бојковска, М-р Димитар Пандев, Гордана | Осмо одделение | мак | 192 | 40 | 4,9373 | 37.918,47 | 39.814 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Алексова, Д-р Косара Гочкова | | | | | | | |
| 20 | МОН | Македонски јазик | Томе Богдановски | Осмо одделение | мак | 140 | 56 | 4,9373 | 38.708,44 | 40.644 |
| 21 | МОН | Турски Јазик | Осман Емин | Осмо одделение | тур | 176 | 60 | 4,9373 | 52.137,90 | 54.745 |
| 22 | МОН | Физичко и здравствено образование | Маријан Карапанџевски, Лидија Белческа Карапанџевска | Осмо одделение | алб | 112 | 198 | 4,9373 | 109.489,59 | 114.964 |
| 23 | МОН | Физичко и здравствено образование | Маријан Карапанџевски, Лидија Белческа Карапанџевска | Осмо одделение | мак | 112 | 331 | 4,9373 | 183.035,63 | 192.187 |
| 24 | МОН | Физичко и здравствено образование | Маријан Карапанџевски, Лидија Белческа Карапанџевска | Осмо одделение | тур | 112 | 40 | 4,9373 | 22.119,11 | 23.225 |
| 25 | МОН | Јазик и култура на Бошњаците (изборен) | Изета Бабачиќ-Даздаревиќ, Ќама Амети-Кујовиќ, Јусуф Чоловиќ | Деветто одделение | \N | 196 | 109 | 4,9373 | 105.480,50 | 110.755 |
| 26 | МОН | Јазик и култура на Власите (изборен) | Зоица Митрева, Верица Костова, Јана Михаилова | Деветто одделение | \N | 124 | 55 | 4,9373 | 33.672,39 | 35.356 |
| 27 | МОН | Албански јазик | Ислам Каранфили, Зихни Османи | Деветто одделение | алб | 210 | 328 | 4,9373 | 340.081,30 | 357.085 |
| 28 | МОН | Иновации | д-р Радмил Поленаковиќ, д-р Валентина Гечевска | Деветто одделение | срп | 114 | 25 | 4,9373 | 14.071,31 | 14.775 |
| 29 | МОН | Ликовно образование | Данчо Ордев, Александар Ордев | Деветто одделение | алб | 110 | 262 | 4,9373 | 142.293,02 | 149.408 |
| 30 | МОН | Ликовно образование | Данчо Ордев, Александар Ордев | Деветто одделение | срп | 110 | 6 | 4,9373 | 3.258,62 | 3.422 |
| 31 | МОН | Ликовно образование | Данчо Ордев, Александар Ордев | Деветто одделение | тур | 110 | 35 | 4,9373 | 19.008,61 | 19.959 |
| 32 | МОН | Физичко и здравствено образование | Марјан Карапанџевски, Лидија Белческа Карапанџевска | Деветто одделение | мак | 110 | 264 | 4,9373 | 143.379,22 | 150.548 |
| 33 | МОН | Физичко и здравствено образование | Марјан Карапанџевски, Лидија Белческа Карапанџевска | Деветто одделение | тур | 110 | 42 | 4,9373 | 22.810,33 | 23.951 |
| | | | | | | **Вкупно:** | **3403** | | **2.324.728,22** | **2.440.965** |



ал

## IV. ГАРАНЦИЈА

**Член 4**

Давателот на услугата е должен во рок од пет работни дена по склучувањето на договорот, да достави безусловна банкарска гаранција од банка која е прифатлива за корисникот на услугата во висина од 10% од утврдениот износ со вклучен ДДВ, и тоа како средство за обезбедување на корисникот на услугата дека давателот на услугата навремено, квалитетно и според условите од овој договорот ќе изврши печатење и дистрибуција на учебници за основно образование со тираж до 500 учебници, со важност до целото времетраење на договорот продолжена за дополнителни 30 денови.

Корисникот на услугата се обврзува на давателот на услугата да му ја врати банкарската гаранција во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Корисникот на услугата нема да ја врати банкарската гаранција од став 1 од овој член и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметот на овој договор не е реализиран според одредбите од овој договор, доколку секој отпечатен учебник не ги исполнува условите детално наведени во техничката спецификација за Дел 1, како и во случај на задоцнување или раскинување на овој договор.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде на валута на која гласи договорот и треба да биде издадена од банка.

## V. ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

**Член 5**

Давателот на услугата ги има следните обврски:

- за печатење на учебниците да користи хартија што е произведена согласно со ИСО стандардите: белина на хартија согласно МКС ISO 11476:2010 или „еквивалент", граматура на хартијата согласно МКС EN ISO536:2012 или „еквивалент", дебелина на хартија согласно МКС EN ISO534:2012 или „еквивалент" (засновани врз релевантните европски или меѓународни стандарди, според принципот за заемно признавање);

- Необрежен формат А4 или необрежен формат Б5 (соодветен на ракописот);

- Хартијата за печатење да биде со граматура од минимум 80$\frac{г^2}{м}$ LWCмат или минимум 80 $\frac{г^2}{м}$ бездрвна/офсетна хартија;

- да обезбеди квалитетно печатење, за двобојните и четирибојните изданија;

- во единечната цена по страница треба да е пресметана и цената на кориците,

- за да се обезбеди трајност на учебниците потребно е тие да бидат со меко подврзување со топло лепило (брош-подврска) со корица на минимум 250 г/м$^2$ кунздрук и таа да биде пластифицирана со сјаен пластификат или лакирана со сјаен ув лак, печатење 4/0;

-печатот на учебникот треба да обезбеди висок степен на читливост, графичка и ликовна јасност, квалитетот на офсет печатење дефинирано согласно МКС ISO 12647-2:2013 или „еквивалентно";

- има обврска во рок од 3 (три) дена од денот на добивање на електронските верзии на секој учебник, да го извести корисникот на услугата дали дадената електронска верзија на учебникот/ците е или не е погодна за печатење;

- има обврска да достави до корисникот на услугата по 1 (еден) примерок на секој испечатен учебник/ците, без надомест со Изјава дека услугата е реализирана согласно барањата наведени во техничката спецификација.

- има обврска во финалната верзија на печатениот учебник да ги наведе следните податоци: тираж, година на печатење, назив на печатницата,

-дистрибуција на учебници франко краен корисник (училишта, Министерство за образование и наука и слично.) се врши согласно списокот кој е составен дел надоговорот (прилог 1) кој ќе го добие од корисникот на услугата, од како корисникот на услугата ќе утврди дека примерокот од учебникот/ците е/се изготвен/и согласно техничката спецификација за Дел 1 .

-по извршена дистрибуција има обврска да ја достави следнава документација до корисникот на услугата:

а)оригинал записници за извршена дистрибуција франко училиште со печат на училиштето и целосно име и презиме на одговорно лице за прием на учебници од една страна и одговорно лице за испорака на учебници од друга страна.

б)оригинал испратници за извршена дистрибуција франко училиште со печат на училиштето и целосно име и презиме на одговорно лице за прием на учебници од една страна и одговорно лице за испорака на учебници од друга страна.

в)со приложена изјава за извршена дистрибуција и електронско ажурирање на истата на веб страната согласно упатството добиено од корисникот на услугата.

г) фактура.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА УСЛУГАТА

**Член 6**

Корисникот на услугата има права и обврски да:

-ја достави до давателот на услугата електронската верзија за секој учебник, погоден за печатење веднаш по склучувањето на овој договор и ЦИП запис издаден од НУБ.

- има право да врши ад-хок контроли на исполнување на условите од техничката спецификација во поглед на квалитетот на учебниците.

- да изврши проверка на еден примерок од секој учебник, согласно списокот на учебници по наслов, автор, јазик, одделение, тираж и единечни цени кој е составен дел на овој договор (даден во член 3), за да утврди дали истиот е изготвен согласно техничката спецификација за Дел 1.

-Рокот за утврдување на соодветноста на доставениот примерок од секој учебник согласно техничката спецификација за Дел 1 е 7 (седум) дена од денот на доставување на примерокот од страна на давателот на услугата до корисникот на услугата односно до лицата за следење на реализација на договорот.

-доколку утврди дека примерокот од секој учебник е изготвен согласно техничката спецификација за Дел 1, да достави на давателот на услугата Список за дистрибуција на учебници по наслов, автор, јазик, одделение и тираж франко училиште (прилог 1),

-ако утврди дека учебникот/ците не е/се изготвен/и согласно техничката спецификација за Дел 1, има право да бара давателот на услугата да изврши повторно печатење и дистрибуција на учебникот/ците на трошок на давателот на услугата.

-да му достави на давателот на услугата Упатство за работа за давателот на услугата информатички систем за нарачка и дистрибуција на бесплатни учебници (прилог 2)

-изврши исплата на средствата на давателот на услугата на начин и во рок утврдени во член 9 од овој Договор.

Овластени лица за следење на реализација на договорот кај корисникот на услугите се Диме Николов и Весна Стојановска.

Овластените лица од став 2 од овој член вршат контрола на доставената финансиска документација за исплата, односно вршат контрола на исправноста на доставените фактури за исплата и останатата финансиска документација кои доколку се неисправни треба да ги вратат на соодветна корекција кај давателот на услугите во рок од 5 дена од денот на приемот на фактурата и останатата финансиска документација.

Овластените лица се должни да ги извршуваат работните задачи кои произлегуваат од ова овластување совесно и одговорно.

## VII. КВАЛИТЕТ НА УСЛУГАТА

**Член 7**

Квалитетот на услугата која е предмет на овој договор мора да одговара на стандардите, понудата и тендерската документација.

## VIII. РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 8**

Давателот на услугите се обврзува учебниците да ги дистрибуира во училиштата од период од 15.08.2021 година до 25.08.2021 година, согласно Списокот на учебници по предмет, автор/и, одделение, наставен јазик, број на страни и потребен тираж франко училиште за Дел 1 (даден во прилог 1).

## IX. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 9**

Начин на плаќање е по реализиран договор, во рок од 60 дена од денот на приемот на комплетна документација во Министерството за образование и наука.

а)оригинал записници за извршена дистрибуција франко училиште со печат на училиштето и целосно име и презиме на одговорно лице за прием на учебници од една страна и одговорно лице за испорака на учебници од друга страна.

б)оригинал испратници за извршена дистрибуција франко училиште со печат на училиштето и целосно име и презиме на одговорно лице за прием на учебници од една страна и одговорно лице за испорака на учебници од друга страна.

в)со приложена изјава за извршена дистрибуција и електронско ажурирање на истата на веб страната согласно упатството добиено од корисникот на услугата.

г) фактура.

**Член 10**

Сите трошоци кои ќе произлезат во врска со извршување на обврските на давателот на услугата кои произлегуваат од реализација на предметната набавка, а кои се однесуваат на одредени административни такси или надоместоци спрема трети лица ќе бидат на товар на давателот на услугата.

Корисникот на услугата нема обврски да ги плаќа патните и другите трошоци на давателот на услугата кои ќе произлезат од извршувањето на обврските предмет на овој договор.

Давателот на услугата ќе го извести набавувачот навремено за обврската на плаќањето, при што нема да се дозволи евентуалното доцнење со плаќањето на овие обврски да влијае на навременото реализирање на сите задачи.

## X. ДОГОВОРНА КАЗНА

**Член 11**

Доколку давателот на услугата задоцни со извршување на работите од овој договор, онака како што е договорено, во таков случај давателот на услугата се обврзува да му плати на нарачателот договорна казна за секој ден задоцнување по 1% од износот на вредноста на договорот со вклучен ДДВ но не повеќе од 10% од вредноста на договорот.

**Член 12**

Доколку корисникот на услуги претрпел штета која го надминува износот на договорната казна, давателот на услуги ќе исплати разлика до целосниот надомест на штета.

## XI. ВИША СИЛА

**Член 13**

Корисникот на услугите и давателот на услугата се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со закон.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, но не подоцна од 24 часа од настанувањето на виша сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот може да се реализира, по потреба, со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XII. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ И УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР

**Член 14**

Договорот за јавната набавка за печатење и дистрибуција на учебници за основно образование за учебната 2021/2022 година за Дел 1, ќе биде со времетраење од 6 (шест) месеци од денот на склучување на договорот од обете страни.

Овој договор се смета за склучен со денот на негово потпишување од обете договорни страни.

**Член 15**

Корисникот на услугата има право еднострано да го раскине договорот доколку:

-Дателот на услугата не ја достави банкарската гаранција за квалитетно извршување од член 4 од овој договор во предвидениот рок;

-Издавачот не ги испорача навремено учебниците во рокот утврден во член 8 од овој договор;

-Издавачот испорача учебници кои не се изработени согласно техничките спецификации или согласно потребниот тираж за Дел 1;

-При испорака констатира дека испораката се одвива со забавено темпо, така што е очигледно дека работата нема да може да се заврши во рокот определен во овој договор.

**Член 16**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине овој договор а во секој случај има право на надомест на штета. Страната што е овластена да бара раскинување на договорот поради променетите околности, должна е за својата намера да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го стори одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

Во случај на раскинување на овој договор, онаа договорна страна по чија вина дошло до раскинување на договорот е должна веднаш и без одлагање да и ги надомести сите штети (материјални и нематеријални) кои ќе бидат предизвикани на другата договорна страна.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

За се што не е опфатено со овој договор соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 18**

Измени и дополни на овој договор може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договор потпишан од овластените претставници на договорените страни.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договор само во согласност со одредбите на Законот за јавните набавки и тендерската документација.

**Член 19**

Во случај на спор до кој може да дојде во врска со толкувањето и извршувањето на овој договор, договорните страни ќе настојуваат спорот да го решат спогодбено.

Ако спорот не се реши спогодбено, спорот ќе го решава Основен суд Скопје 2 во Скопје.

**Член 20**

Овој договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои 3 (три) примероци добиваат двете договорни страни.

**КОРИСНИК НА УСЛУГИ,**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА**
**ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕРКА**
**Мила Царовска**

**ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ,**
**Друштво за графичка дејност,**
**трговија и услуги**
**ПОЛИЕСТЕРДЕЈ ДООЕЛ експорт-импорт**
**Скопје**
**УПРАВИТЕЛ,**
**Филип Спасовски**

Изготвил Ѓорѓи Панделиев
Контролирал:Милка Масникоса
Одобрил: Снежана Костовска Фрчковска
м-р Вангелија Велева